Врз основа на член 24 од Законот за просторно и урбанистичко планирање (“Сл. весник на РМ” број 51/05 и член 39 од Статутот на општина Струмица (“Сл. гласник на општина Струмица” број 5/06) – пречистен текст, Градоначалникот на општина Струмица, донесе

Р е ш е н и е
за организирање на јавна презентација по Нацрт – Деталниот урбанистички план за дел од Блок 3-А Урбана единица 1 во град Струмица

1.Се организира јавна презентација по Нацрт–Деталниот урбанистички план за дел од Блок 3-А Урбана единица 1 во град Струмица со граничен опфат помеѓу улиците „Климент Охридски “ , Просенички пат и Крива Река.

2.Решението за организирање јавната презентација ќе биде објавено на огласната табла на Општина Струмица, Секторот за уранизам и комунални работи , ВЕБ страницата на Општина Струмица, “Службен гласник на општина Струмица”и средствата за јавно информирање

3.Јавната презентација ќе се одржи на ден 27.01.2009 година во 12,оо часот во просториите на Дом на АРМ Струмица.

4.Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во “Сл. гласник на општина Струмица”.

Број.08-6861/3<br>12.01.2009 год.<br>С т р у м и ц а

Градоначалник<br>на општина Струмица<br>Зоран Заев